Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *Македонски јазик* за IV одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# Македонски јазик

IV Одделение

Август 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет *македонски јазик се* базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени наставни подрачја и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 5 часа неделно, односно вкупно 159 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на програмски подрачја и наставни единици**

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЈАЗИК ( 60 ЧАСА )** |
|---|
| **ГРАМАТИКА**<br><br>**НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ:**<br><br>1. Народен и нормиран-стандарден јазик (воочување на карактеристиките)<br>2. Слушање, следење на записи со народен говор и стандарден јазик<br>3. Усмен и писмен говор<br>4. Вежби за разликување на усниот од писмениот говор<br>5. Поим за самогласки и согласки<br>6. Вежби за разликување на самогласките и согласките (нивно правилно изговарање и пишување)<br>7. Поделба на зборот на слогови<br>8. Вежби за определување на бројот на слоговите во зборот<br>9. Поим за конкретни и апстрактни именки<br>10. Значење на конкретните и апстрактните именки |

11. Конкретни и апстрактни именки-вежби
12. Род кај именките
13. Вежби за утврдување на родот кај именките
14. Вежби за правилна примена на родот кај именките
15. Број кај именките
16. Вежби за утврдување на бројот кај именките
17. Вежби за правилна примена на бројот на именките
18. Поим за придавки: описни
19. Вежби за разликување на описните придавки
20. Вежби за правилна употреба на описните придавки во реченицата
21. Поим за заменки: лични заменки
22. Вежби за разликување на заменките од другите зборови и нивна правилна употреба во усниот и писмениот говор
23. Лични заменки-вежби
24. Глаголи искажани во сегашно време (без дефинирање)
25. Глаголи искажани во сегашно време-вежби
26. Глаголи искажани во минато време (без дефинирање)
27. Глаголи искажани во минато време-вежби
28. Глаголи искажани во идно време (без дефинирање)
29. Глаголи искажани во идно време-вежби
30. Вежби за употреба на глаголите во сегашно, минато и идно време (без дефинирање).
31. Броеви-поим за приближна бројност
32. Вежби за разликување на броевите за приближна бројност од главните и редните броеви
33. Вежби за правилно пишување на броевите за приближна бројност.
34. Поим за подмет и прирок во реченица
35. Вежби за издвојување на подметот и прирокот во реченицата
36. Вежби за разликување на подметот и прирокот според значењето и примената во реченицата
37. Зборови што имаат исто или слично значење (без именување)
38. Вежби за усвојување на синонимите како видови зборови кои имаат исто или слично значење (без именување)
39. Зборови што имаат спротивно значење (без именување)
40. Вежби за усвојување на антонимите како видови зборови со спротивно значење (без именување)
41. Изготвување на мал речник со синоними и антоними
42. Самогласки и согласки-повторување
43. Род кај именките-повторување
44. Број кај именките-повторување
45. Придавки-повторување

46. Заменки-повторување
47. Глаголи-повторување
48. Подмет и прирок во реченицата-повторување

## ПРАВОПИС

49. Пренесување на дел од зборот од еден ред во друг
50. Активности за пренесување на дел од зборот од еден ред во друг
51. Правописни знаци: наводници
52. Вежби за препознавање и примена на наводниците при пишување на имиња на улици, списанија, книги и др
53. Правописни знаци: наводници (повторување)
54. Пишување на голема буква при примена на правописните правила за пишување на сопствените именки кај институ-ции, адреси, списанија, празници и др.
55. Употреба на голема буква-повторување
56. Пишување на приближна бројност
57. Вежби за правилно пишување на зборови кои означуваат приближна бројност
58. Пишување на повеќецифрени броеви со зборови
59. Вежби за правилно пишување на повеќецифрени броеви со зборови
60. Јазик-повторување

## ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ – ЧИТАЊЕ, ЛИТЕРАТУРА И ЛЕКТИРА ( 65 ЧАСА )

## ЧИТАЊЕ

1. Изразно читање на учени текстови
2. Изразно читање со почитување на изразните вредности
3. Техники на изразно читање текстови со уметничка содржина

4. Изразно читање на текстови со уметничка содржина на латиница
5. Изразно читање  научно-популарна содржина на латиница
6. Анализа и толкување на значењето на зборовите во определен текст за изразно читање
7. Читање  текст со определена насока и  темпо на читање
8. Читање текст со и без примена на правилата за изразно читање (симулација)
9. Карактеристики на изразното читање: правилен, јасен и чист изговор и силината на гласот
10. Читање  текст по улоги=вежби
11. Читање текст по улоги-вежби
12. Драмско читање-вежби
13. Читање драмски текст со и без примена на правилата за изразно читање (симулација)

**ЛИТЕРАТУРА - ПРОЗА**

14. Обработка на текст (по избор)
15. Анализа на текст (по насочувачки прашања)
16. Обработка на текст (по избор)
17. Анализа на текст, композициска анализа (по план на текстот)
18. Обработка на текст на латиница (по избор)
19. Анализа на ликови (надворешен опис)
20. Обработка на текст на латиница
21. Анализа на текст (самостојно правење план на текст)
22. Анализа на текст (определување на време и место на настан)
23. Обработка на текст (по избор)
24. Анализа на текст (композициска анализа)
25. Обработка на текст (по избор)
26. Анализа на текст (по насочувачки прашања)
27. Обработка на текст на латиница (по избор)
28. Анализа на текст, композициска анализа (по план на текст)
29. Обработка на текст (по избор)
30. Анализа на текст (самостојно правење план на текст)

31. Обработка на текст (по избор)
32. Анализа на текст ( по насочувачки прашања)
33. Обработка на текст (по избор)
34. Анализа на текст, композициска анализа)

**ПОЕЗИЈА**

35. Обработка на лирска песна
36. Откривање на поетска слика во лирска песна
37. Обработка на лирска песна
38. Препознавање на споредбата како изразно средство
39. Обработка на лирска песна
40. Вежби за определување на поетска слика во лирска песна.
41. Обработка на лирска песна
42. Вежби за препознавање на споредбата како изразно средство
43. Обработка на лирска песна
44. Откривање на сопствените чувства (опис со зборови или цртеж)
45. Обработка на лирска песна
46. Откривање на поетска слика во лирска песна
47. Обработка на лирска песна
48. Препознавање на споредбата како изразно средство
49. Обработка на лирска песна
50. Самостојно определување на поетска слика во лирска песна
51. Обработка на лирска песна
52. Самостојно определување на поетска слика во лирска песна

**ЛЕКТИРА**

53. Читање самостојно наслови на дела од македонската и светската литература (вкупно четири, по сопствен избор од предвидените лектирни изданија кои ќе се реализираат во 4 часа)

54. Читање  текстови надвор од предвидените наставни содржини
55. Дискусија за читање на текстови надвор од предвидените наставни содржини
56. Запознавање со основните биографски податоци на авторите на лектирните дела
57. Аргументирано говорење за ликовите и настаните во даден текст
58. Разговор за прочитаниот текст со аргументирано говорење за ликовите и настаните во текстот.
59. Вежби за самостојно откривање на тематско-идејната основа во делото
60. Вежби за одговарање и поставување прашања во врска со прочитан текст
61. Вежби за локализација на настаните во време и простор

**ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ – ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ ( 25 ЧАСА )**

**НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ:**

**УСНО ИЗРАЗУВАЊЕ**

1. Прераскажување  на текст со следење на хронологијата на настанот (по даден план)
2. Раскажување на доживување при посета на установа (по даден план)
3. Опишување (по даден план) театарски костими, сцена од гледана претстава
4. Опишување (по даден план) театарски костими, сцена од гледана претстава-2 час
5. Самостојно опишување ликови
6. Самостојно опишување ликови-2 час
7. Известување за настан

**ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ**

8. Препишување на краток текст или дел од текст (од кирилица на латиница)
9. Препишување на краток текст или дел од текст (од латиница на кирилица)
10. Препишување на текст со замена на именки
11. Препишување на текст со замена на придавки
12. Препишување на текст со замена на глаголи со синонимно и антонимно значење
13. Прераскажување на обработен текст со менување на крајот од текстот-раскажување по даден почеток
14. Писмено одговарање на прашања од обработен текст
15. Писмено одговарање на прашања од обработен текст-2 час
16. Раскажување на доживеан настан
17. Раскажување на доживеан настан-2 час
18. Раскажување со даден почеток
19. Писмено одговарање на прашања од обработен текст
20. Писмено одговарање на прашања од обработен текст-2 час
21. Опишување (по даден план) театарски костими, сцена од гледана претстава
22. Опишување (по даден план) ликови
23. Известување за настани
24. Известување за доживувања од посети на институции
25. Писмо до непознато другарче

**ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ – МЕДИУМСКА КУЛТУРА ( 9 ЧАСА )**

**НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ:**

1. Радиоемисии,видови радиоемисии
2. Следење на говорот, музиката и другите ефекти на радио емисиите
3. ТВ-емисии, видови ТВ-емисии
4. Следење на ТВ-емисии и нивно разликување
5. Филм - разликување на видови филмови
6. Театар – театарска претстава, сцена, глумци

7. Телефон – јавна говорница
8. Градска библиотека, енциклопедии,
9. Детски и дневен печат

### 3. Дидактички препораки

Скратената наставна програма по предметот македонски јазик овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: природни науки, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко образование.

Скратената наставна програма содржи наставни единици за реализација на наставата по македонски јазик и е во координација со Наставниот план и програмата за овој предмет ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја (Јазик, Читање, литература и лектира, Изразување и творење и Медиумска култура). Во неа е одреден бројот на часовите за предметните подрачја, при што за реализација треба да се имаат предвид и специфичностите на условите за изведување на оваа настава во училиштето каде што работи наставникот. Исто така, треба да се води сметка за различното тежинско ниво на програмските содржини, потребниот временски рок за реализација на истата, како и нивото на постигањата на поставените цели.

Наставни средства кои треба да ги користи наставникот се следните: учебник избран на ниво на училиштето, одобрен од страна на министерот - читанка; енциклопедии, речници и сл.; Интернет, образовни софтвери; списанија; аудио-визуелни средства други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, нациналнi паркови итн.

**Препораки за користење на годишниот фонд на часови - 159 часа годишно; 5 часа неделно. По наставни подрачја се предлага: Јазик – 60 часа; Читање, литература и лектира – 65 часа; Изразување и творење – 25 часа; Медиумска култура - 9 часа.**

Во дадениот предлог треба да се нагласи дека наставникот треба да ги поврзува содржините од предвидените подрачја (на пр. содржините од подрачјето Јазик може да се поврзат со содржини од подрачјата Литература, Изразување и творење и Медиумска култура).

4. **Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *македонски јазик* за четврто одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/189
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска